RAN Centre of Excellence

# Работа со семејствата и заштита на децата од радикализам

*Документ со детални насоки за експертите и креаторите на стратегијата*

## Вовед

Кога некое лице е радикализирано и се однесува екстремно, тоа не само што влијае врз самото лице туку и врз неговото семејство, пријателите, пошироката социјална средина и општеството. Реалноста на денешнината е дека радикализмот не е невообичаен како феномен. Семејствата, младите и децата во ЕУ се соочуваат со регрутирање од терористичките групи, како што се ИСИС, Ал Каеда и други, со вроден тероризам и екстремистички движења (на пример, десничарско и левичарско) и со зголемениот број бегалци и повратници (вклучително и децата, младите и нивните семејства) што ги напуштаат зоните на конфликт за да се вратат (назад) во ЕУ.

**Кои се предизвиците?**

- Спречувањето на радикализмот, само по себе, претставува предизвик, особено во раната фаза. Меѓутоа, ова треба да биде долгорочен пристап за да се намали ризикот од насилство поврзан со екстремизам и со тероризам. За ранливите лица и нивната социјална средина тековните предизвици за превенција се:
- *Препознавање на лицата што се изложени на ризик од радикализам*: во процесот на радикализирање многу брзо може да дојде до промени, но тешко се препознаваат раните фази на радикализирање затоа што нејзините показатели (изолирано однесување, фрустрации) се слични на оние што се поврзани со други проблеми, како што се зависности.
- *Способност за стапување во контакт со нив и нивно поддржување, како и на нивните семејства во промената на правецот:* семејствата и социјалната средина имаат клучна улога во овој процес, а тоа ќе биде објаснето во пристапот чекор по чекор.

RAN Centre of Excellence

*Поддржување на поединците и на нивните семејства во текот на процесот на дистанцирање*: соработката е клучна за ефективност, но не е секогаш едноставно да се добие. Исто така, односот меѓу поединците и нивната социјална средина не е секогаш позитивен, а тоа би можело да биде причина за нивното насочување кон екстремизмот и тероризмот на прво место.

Покрај овие општи предизвици, еден од клучните проблеми во овој момент (пролет 2017 година) се семејствата и децата што биле соочени со и/или учествувале во тероризмот што го промовираат ИСИС, Ал Каеда и други терористички организации и кои извршувале радикализирање. Во текот на последните неколку години илјадници Европејци, меѓу кои семејства и млади, отпатувале во Сирија и во Ирак со цел да живеат и да се борат за терористичките организации. Во овој момент се чини дека се намалува бројот на странци што патуваат во зоните на конфликт. Меѓутоа, постои загриженост дека ќе се зголеми бројот на повратниците. Во исто време земјите-членки на ЕУ забележаа пораст на екстремно десничарскиот екстремизам во Европа, уште повеќе поттикнат со приливот на бегалци. Во контекст на зголемената поларизација и растечкиот екстремизам, семејствата што се директно засегнати секојдневно се борат со последиците и со неправдите.

На пример, и покрај тоа што е ограничено искуството со повратниците, се зголемуваат барањата на семејствата што сакаат да им се врати детето. Постојат предизвици во справувањето со овие барања:

- во многу земји политиката за справување со повратниците не е секогаш јасна за различните засегнати страни и од таа причина тешко е да им се обезбедат информации на семејствата;
- ИСИС шири опасна пропаганда за враќање;
- постојат многу практични тешкотии во врска со документацијата, особено кога се вклучени децата што се родени во зоните на конфликт;
- родителите имаат тенденција да им праќаат пари на своите деца за да може да се вратат, но во некои земји ваквите трансфери може да се сметаат за кривично дело и затоа семејните работници треба да им го објаснат ова на родителите и да ги предупредат да не го прават тоа.

### Цел и употреба на деталните насоки на документот

Цел на овој документ е да се поддржат и да им се понудат насоки на креаторите на стратегии и на професионалците што се одговорни за спречување на радикализирањето и на насилниот екстремизам во семејствата, особено во оние што вклучуваат (млади) деца. Овие насоки произлегуваат од заедничките согледувања, лекциите, практичните примери и стратегиските препораки од оваа област. Прирачникот се фокусира на семејствата и на децата што се справуваат со радикализмот во голем број ситуации:

- семејства што имаат еден или повеќе членови на семејството што се лесно подложни на процесот на радикализирање (вклучително и децата и младите);

RAN Centre of Excellence

- семејства во кои еден или повеќе членови на семејството презеле екстремистички активности, како што е, на пример, напуштање на нивните домови за да им се придружат на екстремистичките групи (вклучително и децата и младите);
- семејства и деца што ги напуштиле областите погодени од терористичките групи;
- семејства од кои повеќето членови на семејството се в затвор, осудени за терористички (или поврзани со тероризам) кривични дела.

Во овој документ се објаснува екстремизмот врз основа на различни идеологии (религиозно инспириран екстремизам, десничарски екстремизам, левичарски екстремизам, националистички екстремизам). Во многу случаи предизвиците и одговорите што се опишани во овој прирачник се применуваат во одборот. Во спротивно, ова ќе биде конкретно назначено.

Се заснова врз резултатите од заедничката средба меѓу Работната група за младите, семејствата и заедниците на RAN (RAN YF&C), Работната група на здравствената и социјалната заштита на RAN (RAN H&SC), одржана во Ница на 2 и 3 февруари 2017 година. Вклучени се и дополнителни информации од одделните состаноци на RAN YF&C и RAN H&SC за улогата на семејствата и улогата на децата, заедно со повратните информации од интервјуа на шестмина професионалци за поддршка на семејствата (од Данска, Норвешка, Холандија, Франција, Белгија и од Германија).

**Клучни термини:**

- Семејство: група луѓе поврзани со крвна линија (со раѓање), афинитет (со брак или друг однос), заедничко живеалиште или комбинација од нив;
- Дете: лице што е помало од 18 години. Во правна смисла, постојат разлики меѓу земјите во врска со возраста на која одредено лице се смета за малолетник;
- Младинец: малолетни лица на одредена возраст, обично на возраст од 14 до 18 години;
- Повратник: поединец што го напуштил својот дом за да се вклучи во екстремистичка група во друга земја или кој:

  а. побарал да се врати во земја на ЕУ;
  б. се вратил во својата земја во ЕУ;
  в. патува во друга земја на ЕУ.

RAN Centre of Excellence

# КАКО ДА *им се пристапи и да се соработува со семејствата што се соочени со радикализам*

Во овој документ е опишан пристап од 10 чекори за соработка со семејствата. Чекорите се прикажани во графиконот што е даден подолу во форма на круг затоа што влијаат еден врз друг. Чекорите се применливи целосно, како и во зависност од случајот. Таму каде што е можно, чекорите се објаснети и илустрирани со практичен пример од реалниот живот. Кога е соодветно, се споделуваат и стратегиски препораки. Пред да се објаснат чекорите, се споделуваат основните принципи за формирање на основите за добар пристап за поддршка на семејствата. Имајте предвид дека овие чекори, по дефиниција, претставуваат поедноставување на посложената реалност во која често во исто време се преземаат различни чекори.




## *Клучни принципи за формирање на темелите на пристапот чекор по чекор*

**Семејства:**

- Семејствата се во центарот на отпорот на кој било поединец. Има доволно истражувања во кои се објаснува влијанието на семејната средина, воспитувањето и на здобиената љубов, грижата и вниманието кон отпорноста на некој да им се спротивстави на негативните искушенија, како што е вклучувањето во екстремистички групи.[1]

[1] Валш Ф. (2012) „Нормални семејни процеси“. Поглавје 17: Отпор на семејството. Њујорк: Guilford Press.

RAN
Centre of Excellence

- Членовите на семејството треба да се сметаат за партнери за предупредување, превенција и заштита на лицата што се изложени на ризик од радикализирање и да придонесуваат за безбедноста и сигурноста на општеството.

**Поддршка на семејствата:**

- Цел на семејната работа е да соработуваат, да изградат доверба и односи во текот на подолг временски период. Ова не само што може позитивно да влијае врз директната состојба на семејството туку на тој начин може и да му се посака добредојде на лицето што се соочува со ризик, како и на пошироката заедница.
- Важно е да има системски пристап кон семејството, семејствата да се гледаат како целина, како и односот меѓу членовите на семејството. Фокусирањето само на лицето што е изложено на ризик или на еден од членовите на семејството често не е доволно за да се разберат влијанијата и притисоците што постојат и го формираат однесувањето на лицето. Социјалната средина или заедницата на семејството, исто така, влијае врз ставовите и однесувањето. Иако целта на советувањето е да им се даде поддршка на лицата што се изложени на ризик, од клучно значење е да се разбере и поширокиот контекст на семејството и на заедницата за да се направи тоа.
- Со цел да се овозможи ефективна поддршка на семејствата, од клучно значење е да постои став за соработка барем од дел од семејството. Ако семејството не сака да соработува или да прими поддршка, ќе биде голем предизвик да се работи на често осетливите и предизвикувачките проблеми во врска со радикализмот. Принудувањето да се прифати поддршката од семејството претставува голем предизвик и понекогаш дури е контрапродуктивно. Од оваа причина, постојат случаи кога членовите на семејството не се лица за контакт и треба да се користат други мрежни врски за да се стапи во контакт со лицето што е изложено на ризик.
- Користете пристап заснован врз прифаќање за да воспоставите контакт. Клучен елемент на пристапот што е заснован врз прифаќање е тоа што семејниот работник не ги осудува и не ги одбива перспективата и ставот на семејството и/или лицата што се изложени на ризик, туку го користи ова како појдовна точка за воспоставување контакт. Со градењето односи што се засновани врз доверба можно е полека да им се помогне на семејството и на лицето што е изложено на ризик да ги сменат своите ставови и верувања. Од таа причина, акцентот се става на градењето односи.
- Сериозно сфатете ги одговорите на членовите на семејството, дури и ако тоа е само како превенција. Тука спаѓаат членовите на семејството што тврдат дека нивната ќерка ја менува ориентацијата или имаат вести дека нивните деца веќе починале (дури и ако не постои физички доказ, како што е тело или извод од Матичната книга на умрените).

**Безбедност:**

- Акцентот што е ставен на безбедноста, во комбинација со општата недоверба што одредени семејства и заедници ја имаат кон властите, може да влијае негативно и да ја зго-

RAN Centre of Excellence

леми недоверба. Од гледна точка на заштитата, мора да се стави акцент на разбирањето на проблемите, како и на потребите што ги имаат семејствата за да ги надминат овие проблеми. Цел треба да биде да им се помогне на семејствата да развијат долгорочна отпорност кон радикализамот, а не само да се смири настанатата ситуација.

- Покрај тоа, се става акцент на транспарентноста на семејството наместо на тајноста и соработката *со* семејството и наместо да се работи на случајот без нивно вклучување.
- Треба да се нагласи дека е неопходно и важно вклучувањето на полицијата и на разузнавачките служби. Меѓутоа, координацијата и соработката меѓу нив и организациите или професионалците што се фокусираат на превенција и на благосостојба на семејството се еднакво важни.

**Чекор 1: Идентификување на (потенцијален) случај на радикализирање во рамките на семејството**

Постојат многу различни начини на кои може да се пријави (потенцијален) случај на радикализирање кај органите и/или кај професионалците. Има голем број луѓе што можеби сакаат да ја искажат својата загриженост. Во голем број случаи станува збор за најблиското семејство или за некој од непосредната социјална мрежа (на пример, пријатели). Меѓутоа, тие може да им кажат за својата загриженост и на наставниците, на младинските работници, спортските клубови, верските организации и на соседите. Важно е луѓето да знаат каде може да ја споделат својата загриженост. Во Европа, загриженоста се пријавува преку следниве канали:

- директно (локално) на полицијата, без разлика дали тоа се прави од загриженост или од страв дека може да се случи некакво криминално дело;
- преку општи или посебни линии за помош: многу европски земји веќе имаат телефонски линии за помош при превенција на општи криминални дела, а достапни се и голем број (во Холандија, Германија, Австрија, Франција, Луксембург) специјализирани телефонски линии за помош што им се наменети на луѓето што се загрижени поради радикализмот;
- преку неформални мрежи и платформи, како што се џамиите, спортските клубови, онлајн-платформите;
- преку други професионалци, како што се социјалните и младинските работници, наставниците и специјалистите за ментални нарушувања.

Природата на загриженоста може значително да се разликува. Мајката може да се јави затоа што нејзината ќерка се преориентирала кон исламската религија и сака да јаде и да се облекува традиционално. Соседот може да забележи одредени знаци или предупредувања во домот на соседот. Наставникот може да се соочи со ученици што имаат екстремистички идеи. Таткото може да се сомнева дека неговиот син сака да патува во странство за да се вклучи во екстремистичка група. Членот на семејството може да побара помош ако добие вести дека неговиот/нејзиниот брат (на пример) починал во терористичка зона на конфликт.

RAN Centre of Excellence

Секоја загриженост треба да се сфати и да се оцени сериозно. Ќе има многу случаи кога по барање и по пребарување на дополнителни информации ќе се препознае барање за помош, бунтовно однесување или вистински интерес за нова религија наместо радикализам. Меѓутоа, од гледна точка на превенцијата, реакцијата на помалку загрижувачките промени во однесувањето и понатаму е важна за да не се случи лицата да се насочат во екстремистичка насока во подоцнежната фаза. Да го земеме примерот на мајка и ќерка, реакцијата на родителите на желбата за преориентирање потенцијално би можело да влијае врз тоа дали овој процес ќе се одвива на отворен, транспарентен и доверлив начин или ќе настане ситуација кога таа ќе биде исфрлена од семејството.

**Практика во акција: линија за помош за радикализирање, Хајат, Германија**

Хајат е германска програма за советување на лица што веќе се вклучени во радикалните салафистички групи или се на пат кон насилно џихадистичко радикализирање. Потенцијалните случаи на радикализирање понекогаш се предочени преку националната линија за помош, но во поголем број случаи луѓето директно контактираат со Хајат. Хајат беше еден од клучните партнери за основање на националната линија за помош во јануари 2012 година. Поради упатување (до локалните невладини организации), за националната линија за помош се потребни луѓе што ги споделуваат нивните податоци. Телефонскиот број е анонимен. Хајат ќе преземе случај само кога барањето за помош директно е упатено до нив. Тие не контактираат со семејствата затоа што воспоставувањето контакт го сметаат за клучен елемент за некој што сака да добие помош.

**Повеќе информации за Хајат.**

Повеќе информации за поддршка на семејството и телефонските линии за помош може ги најдете во следниве документи:

- *Поддршка на семејството поглавје од Колекцијата на RAN*
- *Ретроспективен документ на RAN: Поддршка за семејствата: Што функционира?*

**Стратегиски препораки - препознавање на радикализмот во рамките на семејството**

- Нуди перспектива за тоа како националните власти гледаат на семејствата што се справуваат со овие проблеми и како може да очекуваат да бидат третирани и поддржани од централната власт, локалната самоуправа и/или од невладините организации;
- Креирање инфраструктура за да се известуваат оние што имаат стравови и кои се загрижени;
- Развивање план за комуникација, вклучително и насоки за размена на информации, од национална и од локална гледна точка, во врска со начинот на комуникација за оваа инфраструктура за известување.

RAN Centre of Excellence

## Чекор 2: Разговарање за правецот на постапување во мултиагенциска средина

Со цел соодветно да се одговори на заедничките грижи, важно е да се воспостави инфраструктура за справување со (нови) случаи на радикализам. Во однос на поддршката на семејствата, европските земји, како што се Белгија.

Шведска, Холандија, Велика Британија, Данска и Франција, имаат мултиагенциски средини во кои се оценуваат и каде што се дискутира за случаите. Голем број од овие мултиагенциски средини се организирани на локално ниво затоа што поголем дел од информациите е достапен на ова ниво, заедно со средства за реагирање.

За овие мултиагенциски средини се користат различни термини: куќи за информации (Данска, видете го примерот подолу), безбедносни куќи (Холандија), партнерски маси (Белгија), владино следење на мобилни телефони (Франција). Како и да се нарекуваат, следниве партнери обично се дел од овие мултиагенциски средини:

- полиција (локална и национална);
- социјална заштита и/или (ментална) здравствена заштита;
- локални власти;
- кога е потребно и важно, други партнери, како што се претставници од образованието, од агенциите за вработување, а во одредени случаи може се вклучат специфични психолошки организации;
- обично разузнавачките служби не се стандарден партнер, но соработката се одвива во зависност од случајот.

Кога во мултиагенциските средини има нови случаи, се разменуваат информации за подобро да се разберат ризиците и заштитните фактори. Во дискусиите, исто така, се разгледува колку е итна ситуацијата и кој од партнерите е најдобар за воспоставување на првиот контакт. Во кризна ситуација (на пример, член на семејството потенцијално планира напад) и/или безбедноста на другите професионалци е во опасност, полицијата ќе го воспостави првиот контакт. Во други случаи, партнерите често ќе разговараат за тоа кој е веќе во контакт во семејството. Поради тоа што градењето доверба меѓу семејството и властите е многу важно, воспоставувањето контакт преку некој што веќе има позитивен однос со семејството е најефективен канал. Во некои случаи ова може да биде социјалниот работник или семејниот работник, но, исто така, може да биде некој и од бирото за вработување.

За повеќе информации во врска со креирањето на мултиагенциска структура (вклучително проблемите што се поврзани со размена на информации), прочитајте го поглавје 2 од Документот на RAN за стратегијата за развивање рамка за локално спречување и принципи за насоки.

RAN
Centre of Excellence

**Практика во акција: куќи за информации и размена на информации, Данска**

Во Данска поддршката за семејствата се организира во рамките на куќата за информации. Куќата за информации е место за средба на полициските службеници, социјалните работници, претставниците од општините, психијатрите и од одделот за спречување на криминал каде што се разговара за активните и за новите случаи и се изготвуваат планови за сите случаи. Куќите за информации се дел од данските модели SSP (училишта, социјална заштита и полиција) и PSP (полиција, социјална заштита и психијатрија). Загрижените роднини или пријатели може да контактираат со куќата за информации и да пријават можно радикализирање. Тие заедно одлучуваат кој партнер е во најдобра позиција да контактира со засегнатото лице и координираат кој што ќе прави. Состаноците во куќата за информации се одржуваат на секои две недели. Институционално, практиката е вклучена во начинот на работа на националните и на социјалните власти за спроведување на законот и од таа причина е многу одржлива.

Во пасус 115 во данскиот закон се дадени правни насоки за размена на информации за превенција на криминал. Овие правни насоки се следат во мултиагенциската средина на куќата за информации и за случаи на радикализам. Важен елемент од пасус 115 е тоа што нема официјални забелешки за време на состаноците. Информациите ги обработуваат само професионалци во согласност со кодексот на однесување на професијата за размена на информации. Постојат разлики меѓу тоа како полицијата и социјалните работници ги користат информациите.

Повеќе информации за данските SSP и PSP системи.

**Стратегиски препораки - разговарање за правецот на постапување во мултиагенциска средина**

- Олеснување на мултиагенциската инфраструктура во која различни, релевантни сектори (локалната полиција, социјалните работници, педагозите, психолозите, општите лекари и слично) може да дискутираат за случаи на радикализам;
- Обезбедување правни насоки за размена на информации, протоколи за приватност и што да се прави во високоризични ситуации или при безбедносни и сигурносни закани;
- Распоредување на ресурсите на национално и на локално ниво за да може професионалците да работат на случаи на радикализам.

RAN Centre of Excellence

## Чекор 3: Стапување во контакт со семејството

Откако ќе се одлучи кој е во најдобра позиција да контактира со семејството, обично посетата на куќата е најчест облик на воспоставување контакт. Избраниот пристап во голема мера зависи од проценетото ниво на ризик. Во високоризични или во кризни ситуации полицијата може буквално да влезе низ вратата. Куќата може да се пребара за лица или за докази. Често ова е прилично јавно и трауматично искуство за семејствата и како поддршка треба да се организира контролна посета од социјален или од семеен работник.

За помалку итни случаи во посета на куќата доаѓа еден или двајца професионалци што ќе го преземат случајот и ќе го воспостават првиот контакт со семејството. Во земјите, како што се Норвешка, Белгија и Данска, овој пар е составен од еден полицаец и семеен или социјален работник. Се препорачува семејствата да имаат исти лица за контакт за да може да се воспостави однос на доверба.

### *Соработка со семејството*

Искуството доведе до следниве лекции за соработка со семејството што (потенцијално) се справува со радикализам:

- со посетувањето на семејството во домот, посетата ќе биде помалку заканувачка и членовите на семејството ќе може да разговараат од својата зона на удобност;
- затоа што ова често е почетна точка за градење или за одржување на однос на доверба, важно е тој што го посетува семејството да биде целосно транспарентен во врска со причината за посета и што ќе се случи ако семејството не соработува;
- олеснителна околност би било веднаш да *не* се фокусира на прашањето за радикализам, туку да се праша семејството со што се справува и како може да се понуди поддршка;
- може да помогне ако (локалната) полиција не е облечена во униформа, туку во цивилна облека - тоа ја прави ситуацијата помалку опасна и се избегнуваат срамни ситуации што може да доведат до стигматизација во соседството;
- кога во случајот се вклучени малолетни лица, треба да се одлучи дали малолетното лице ќе биде вклучено во првото воспоставување на контактот
- ако тоа е случајот, најдобро е посетите да се прават по завршувањето на училиштето.

### *Семејства што не сакаат да соработуваат*

Експертите посочија дека во поголем број случаи семејствата се подготвени да соработуваат затоа што и тие се загрижени и го сакаат најдоброто за членовите на своите семејства и за себе. Меѓутоа, постојат случаи кога семејството структурно одбива да соработува. Советите на експертите како да се справат со ова се следниве:

- да се посвети време и да се обиде преку секој можен совет или мрежен партнер да се стапи во контакт со семејството;
- да се потенцира фактот дека сакате да ги поддржите и да им помогнете со нивните;

RAN Centre of Excellence

- проблеми и дека имате можност да го сторите тоа;
- да им се укаже на последиците ако не сакаат да соработуваат со семејниот работник или со социјалниот работник
  - може да очекуваат посета од полицијата;
- ако е можно, во согласност со законот, да се вклучи службата за заштита на децата како последно средство во случаите кога децата се изложени на ризик - детето (децата) може да биде одземено од семејството;
- ако е можно, во согласност со законот, социјалната помош или друг вид служба за заштита на децата треба да биде земена предвид како последно средство за принуда соработка.

Кога се потребни законски процедури за спроведување на соработка, ова е доказ за недостиг на доверба; во овие случаи соработката со семејството може да биде помалку ефективна.

### *Кого да вклучите од семејството?*

Постојат различни гледишта за тоа кој треба да стапи во контакт со семејството:

- кога целта е целосна транспарентност, ќе бидат вклучени детето, младинецот или возрасниот за кој се верува дека е радикализиран;
- во некои случаи лицето за кое е изразена загриженост (на пример, од член на семејството) не е информирано и/или вклучено затоа што ако семејството побара помош, тоа може да предизвика страв и фрустрација, а тоа може да влијае врз довербата во семејството; во овие случаи поддршката ќе му се даде директно на семејството и индиректно преку него до засегнатото лице;
- понекогаш самото лице бара помош, на пример, повратник во рамките на правниот систем (во Германија, даден им е бројот на линијата за помош); во такви случаи поддршката му се дава на лицето - вклучувањето на семејството зависи од тоа дали ќе има позитивно или негативно влијание;
- ако еден член на семејството побара помош, но не сака да дознаат другите членови на семејството, обично е најдобро да се почитува оваа одлука и да се соработува со лицето што побарало помош; подоцна може да се одлучи дали има можност за контакт со семејството.

RAN Centre of Excellence

**Практика во акција: работење преку клучен работник - Германија**

Легато е организација што се занимава со широк спектар на екстремистички идеологии, од десничарски екстремизам до верски радикализам. Има пристап што е заснован врз прифаќање и се фокусира на интервенција, а особено на обезбедување совети за членовите на семејството.

Легато не е теренска организација. Првичниот контакт треба да го направи „клучниот работник“, тој што е најблизок со лицето што е изложено на ризик/радикализирање (наречен „индекс клиент“). Овој „клучен работник“ може да биде роднина, наставник или социјален работник и обично е токму тој што првично побарал помош од Легато. Клучните работници следат поголем број од случаите затоа што често тие ја имаат довербата на лицето и имаат воспоставено однос со него.

Повеќе информации за Легато.

**Стратегиски препораки - стапување во контакт со семејството**

- Да постои јасна правна рамка за семејствата што не соработуваат. Оваа рамка треба да биде соопштена во мултиагенциската средина, заедно со насоките за тоа кога може/треба да се преземат репресивни мерки. Постојните правни рамки за поддршка на семејствата и за заштита на децата може да доведат до развој на други правни насоки.
- Оставање простор за проактивна (на пример, врз основа на разузнавачки информации) и/или реактивна структура за поддршка (врз основа на загриженост изразена од некој член на семејството или некој што е близок со семејството), во зависност од контекстот и од организациите што се во директен контакт со семејството.

## Чекор 4: Процена на ризици и на потреби

Добиените информации во текот на почетната посета се земаат предвид при вршењето процена на ризиците и на потребите на семејството во врска со прашањето за радикализам, како и во поширок контекст. Сегашната практика покажува дека во поголем број земји на ЕУ, полицијата е одговорна за процена на ризикот од аспект на безбедноста. Семејните работници повеќе се вклучени во препознавањето на загриженоста и на потребите на семејството. Поголем број семејни работници немаат формален инструмент за процена на потребите и работат со формулар со податоци. Овој формулар со податоци се разликува во зависност од земјата, но претставува важен дел од досието на лицето и на семејството затоа што опфаќа информации за:

- личната историја на засегнатото лице и неговото/нејзиното семејство/социјална мрежа;
- врските меѓу лицето, семејството и другите социјални контакти, на пример, во спортски клубови, училишта, религиозни кругови и на други места (преглед на мрежа);

RAN Centre of Excellence

- практичните прашања со кои се соочува семејството и/или лицето, како што се, на пример, невработеноста, станбените проблеми и образовните предизвици и за кои им е потребна помош и поддршка;
- започнати настани во минатото на лицето или на семејството;
- природата и сериозноста на загриженоста (информации за потеклото).

Не постои стандарден образец или совет како треба да изгледа тоа затоа што обично досиејата содржат голем број суптилни информации и конкретни важни прашања за професионалците за поддршка на семејствата.

Досието е клучен извор на информации и насоки за различните организации што соработуваат со семејствата. Од таа причина важно е да постои јасен сопственик на досието и да постојат механизми на размена со кои досието може да биде колку што е можно посеопфатно. Исто така, корисно е да се вклучат дигитални канали за комуникација, како што се електронската пошта и протоколите за комуникација на социјалните медиуми во рамките на овие досиеја.

**Стратегиски препораки - процена на ризиците и на потребите**

- Да постои достапен систем за размена на информации со кој сите релевантни засегнати страни може да ги следат досиејата и да споделуваат важни и доверливи податоци;
- Обезбедување насоки за ИКТ-примени и обезбедување онлајн-извори на информации што го поддржуваат системот за размена на информации.

## Чекор 5: Специфични потреби на децата и на младите

Кога децата растат во радикализирана средина, тие се изложени на ризик од радикализирање меѓу генерациите и насилен екстремизам. Ова е случај со децата што се радикализирани во Европа (десничарските и религиозно инспирираните екстремисти), децата што се радикализирани во воените зони и оние што се во контакт со радикализирани членови на семејствата. Важно е тоа дека експертите се овластени не само да ги толкуваат знаците на радикализирање туку и ефективно да соработуваат со децата што се наоѓаат во радикализирана средина.

### Актуелниот предизвик: деца родени/израснати во терористички зони на конфликт

Моментно голема причина за загриженост се децата што се родени и/или живеат во странство, во терористички зони на конфликт, на пример, во Сирија и во Ирак. Децата што живеат во т.н. калифат, кој е контролиран од ИСИС, се посебна причина за загриженост поради силното идеолошко размислување на кое се изложени, како и поради начинот на кој се

користат децата и се подготвуваат да бидат војници. Децата што живеат во овие средини се изложени на:

- широка индоктринација преку екстремистичката идеологија;
- тешка траума предизвикана од животот во конфликтна и екстремно насилна средина;
- воена обука (повеќе момчиња од девојчиња);
- убиства и самоубиствени бомбашки напади, како сведоци и извршители;
- физичка, ментална, сексуална и емоционална злоупотреба и манипулација, повторно, како сведоци и жртви.

Досега не е голем бројот на експертите што имаат искуство во работата со млади деца што се враќаат од Сирија и од Ирак. Меѓутоа, тие имаат искуство во работата со децата што пораснале во воени зони и како деца-војници. Сознанијата и согледувањата од оваа област може да се користат за да се развиваат добри практики во оваа област.

### Лекции и пристапи за соработка со децата

Секогаш кога децата или младите се радикализирани или биле под влијание на радикализирано лице во својата / непосредна околина, постојат неколку чекори што може да се преземат:

- Работењето со општи интервенциски методи за рана превенција, како што се вежби за идентитет, припадност, управување со конфликти, критичко размислување, демократија, односи во семејството и слично, може да биде ефективно. Раната интервенција е од клучно значење за децата под 12-годишна возраст за да може да ги зголемат шансите за успешна рехабилитација. Вежбите треба да бидат изработени од квалификувани и културолошки компетентни лица, поддржани од заедницата и од законските мрежи на професионалци.
- Креирањето безбедно место и атмосфера на доверба е од суштинско значење за да може децата да зборуваат слободно.
- Кога младите преминуваат низ процес на транзиција од деца во возрасни, обично кога ќе наполнат 18 години, од суштинско значење е професионалците што се специјализирани за деца и за возрасни да работат заедно за да го зголемат континуираното овозможување помош за овие деца.
- Креативните пристапи што се засноваат врз музика, театар, спортски натпревари и слично може добро да функционираат за децата. Пример за тоа е „живата (или човечка) библиотека“, инструмент за еднаквости со чија помош се прави обид да се оспорат предрасудите со олеснување на разговорот меѓу две лица.
- Во однос на децата што се вратиле од воените зони, на пример, од Сирија, предвид треба да се земе следново:
  - истражувањето за децата-војници покажа дека не е препорачливо тие да почнат со нормални секојдневни активности.
  - идеологијата е нивниот идентитет; таа ги штити и им помага да го разберат светот. Само со нови искуства што не се дел од оваа идеологија ќе може да го сменат своето размислување.

RAN Centre of Excellence

- Кога децата-повратници искусиле насилство, кривичната пресуда може понатаму да го трауматизира детето, да доведе до иден рецидивизам, како и да ги ограничи можностите за рехабилитација и повторна интеграција. Ако рехабилитација е приоритет, тогаш потребите и слабостите на детето се од суштинско значење, без оглед на природата на кривичното дело што го извршило.
- Задоволувањето на потребите на децата-повратници треба да се изврши во согласност со постојните најдобри практики за заштита на децата и да се спроведе во рамките на воспоставените национални мрежи на служби за деца. Невладините организации и добротворните групи не се способни и не се поврзани со сите потребни служби за да интервенираат самостојно и треба да бидат поддржани од постојните законски служби.
- Таму каде што законските служби интервенирале и каде што е развиен план за згрижување на поединечното дете, експертите во заедницата (како што се верските лидери, лидерите на заедницата, како и оние што имаат искуство со
- траума од конфликт) придонесуваат да се направат ревизии на овој план во согласност со нивното единствено суптилно знаење на клучните прашања.

Повеќе информации за деца-повратници од зони на конфликт.

**Практика во акција: chamäLION, Германија**

Раната превенција е од најголема важност за (младите) деца што се соочуваат со радикализам. chamäLION е концепт за примарна превенција, чија цел е да се промовира отпорноста кон екстремистичките идеологии. Идејата е да се спречи радикализирањето со давање рана поддршка во форма на лични и на социјални ресурси, да се прифатат другите и во исто време да се намали дискриминацијата.

Има три модули што се клучни за практиката:

А. Припадност и ориентација (свест за разновидност/различни начини на живеење, верска припадност, пол и потекло);
Б. Идентитет и прифаќање (познавање на сопствените предности и слабости, биографија);
В. Управување со конфликти (спречување на насилство, учење како да се справува со конфликти, свест за сопствени чувства и комуникациски вештини).

chamäLION е наменет за деца на возраст од седум до 12 години. Инструментите (вежбите) се изработени за да ги имплементираат наставниците или социјалните работници во училиштето.

Повеќе информации за chamäLION.

RAN Centre of Excellence

**Стратегиски препораки – задоволување на специфичните потреби на децата:**

- Обезбедување урамнотежен пристап за кривично гонење и рехабилитација на децата и на младинците;
- Вклучување на службите за заштита на децата, специјалисти за траума и експерти од слични области, на пример, за децата-војници, за изработка на ефективен мултиагенциски пристап;
- Овозможување непречена транзиција од службите за деца до службите за возрасни.

## Чекор 6: Разговарање за ризиците, потребите и реакциите во мултиагенциска средина

По процената на ризикот и на потребите од различни професионалци во мултиагенциска средина, овие информации треба да се споделат. Како што беше споменато во чекор 2, размената на информациите е предизвик како резултат на прописите за приватност и професионалната доверливост, како и од безбедносни и сигурносни причини. Во некои земји, како Велика Британија, Данска (види пример во чекор 2) и Холандија, постојат одредени протоколи за приватност и договори за размена на информации што обезбедуваат насоки во овој процес.

Во земјите, како што се Белгија, Холандија, Данска, Норвешка и Германија, „сопственикот на случајот“ е професионалецот за поддршка на семејствата. Меѓутоа, ќе се контактира и со други професионалци и организации и тие ќе бидат вклучени во спроведувањето на планот за интервенција. Во овие случаи сопственикот на случајот, значи професионалецот за поддршка на семејствата, е свесен за помошта што ја добива семејството и/или поединецот и ја координира.

RAN Centre of Excellence

**Практика во акција: пристап Канал, Велика Британија**

Канал е програма што се фокусира на обезбедувањето на поддршка во раната фаза за луѓето за кои се смета дека може да бидат вовлечени во екстремизам. Програмата користи мултиагенциски пристап за заштита на подложните луѓе со:

- идентификување на лицата што се изложени на ризик;
- оценување на природата и на обемот на тој ризик;
- развивање најсоодветен план за поддршка на засегнатите лица.

Успехот на програмата во голема мера зависи од соработка и од координираната активност меѓу партнерите. Најдобро е кога поединците и нивните семејства целосно ќе се вклучат во програмата и постојано ќе се поддржуваат. Полицијата ја координира активноста така што бара релевантни информации од партнерите на комисијата во врска со споменатото лице. Ги користат овие информации за да направат првична процена на природата и на степенот на подложност. Потоа информациите се презентираат пред комисијата.

Законот за антитероризам и безбедност од 2015 година треба да обезбеди ефективна соработка на локално ниво, да го воведе Канал во сите области и да продолжи да гради добра практика што ќе биде практикувана во многу области.

Повеќе информации за Канал.

**Стратегиски препораки - разговарање за ризиците, потребите и одговорите:**

- Создавање јасен протокол за размена на информации;
- Обезбедување насоки за тоа кој да се вклучи и да не се вклучи во мултиагенциската средина;
- Поддржување на создавањето на „заеднички“ јазик меѓу партнерите за соработка (на пример, како да се посочат ризиците).

## Чекор 7: План за интервенција: инструменти за поддршка на семејството

Плановите за интервенција се разликуваат во зависност од семејството. Многу е важно овие планови да бидат приспособени на ризиците и на потребите на семејствата и на поединците. Професионалците за поддршка на семејствата ја потенцираат важноста од голем број достапни интервенции за да може да се обезбеди најдобрата грижа и поддршка и за да не дојде радикализмот до другите членови на семејството.[2] За да се структурираат различни видови интервенција, во овој документ ќе се користи пристапот на истражувачот Ангел Ра-

[2] Имајте предвид дека членовите на заедницата може да сметаат дека семејствата соочени со радикализирање имаат „посебен“

баса[3] кој го користи Хајат, Германија. Пристапот е сличен на интервенциите што се користат во другите земји на ЕУ.

### *Прагматични интервенции*

Во многу случаи прагматичните проблеми, како што се невработеноста и станбените проблеми, може да претставуваат пречка за семејствата повторно да станат стабилни и отпорни и да може да се справат со член на семејството што спроведува радикализирање или кој е радикализиран. Врз основа на проценатата на потребите може да се спроведат прагматични интервенции за да се направи простор за решавање на другите проблеми. Обично тоа е еден од најлесните начини да им се помогне на семејствата и да се изгради однос на доверба. Примерите за прагматични интервенции вклучуваат: посредување затоа што семејствата се поврзуваат со социјалната помош за младите, посебни училишта, здруженија за домување, работни центри, спортски клубови или други општествени организации.

**<u>Практика во акција: ИЗЛЕЗ Шведска</u>**

ИЗЛЕЗ Шведска е проект во рамките на непрофитната организација Fryshuset. Цел на проектот е да им се помогне и да им се обезбеди поддршка на оние што сакаат да ги напуштат националистички/расистички/нацистички ориентираните групи и движења преку активна, посебно насочена поддршка. ИЗЛЕЗ нуди лични средби, обезбедува лице за контакт (ако е потребно, на располагање е 24 часа седум дена во неделата) и помага во контактите со владините агенции. Соработува со корпорациите за домување, полицијата, социјалните служби, другите правни лица и семејството и пријателите на оние што бараат излез. ИЗЛЕЗ нуди и советување за родителите, браќата и сестрите, партнери и другите блиски на нивните клиенти.

Работата е приспособена, земајќи ја предвид специфичната ситуација на поединечниот клиент, но обично се фокусира на градењето нов социјален идентитет поинаков од претходниот екстремистички идентитет. Активностите може да се разликуваат од социјалните активности и социјалната обука до многу директно активно вклучување со преселби, отстранување  тетоважи, остварување контакти со различни органи итн. Должината на интервенција се разликува во зависност од ситуацијата и обично трае од неколку месеци до неколку години.

<u>Повеќе информации за ИЗЛЕЗ Шведска.</u>

[3] д-р Ангел М. Рабаса е виш политички научник на корпорацијата RAND и тој има многу напишано за екстремизмот, тероризмот и бунтот. Тој е автор на Дерадикализација на исламските екстремисти (2010).

RAN Centre of Excellence

**Стратегиски препораки - инструменти за поддршка на семејствата**

- Овозможување лесен пристап на локалните професионалци за поддршка на семејствата до практичните услуги, како што се домување, помош за вработување, финансиски совети. Во случаи на поголем ризик предвид треба да се земат следниве кратенки до овие услуги;
- Обезбедување дополнителни ресурси на национално и на локално ниво за практична поддршка на овие семејства.

### *Интервенции на афективно, емоционално и психолошко ниво*

Клучна стратегија за екстремистичките групи (без разлика на нивното идеолошко потекло) е да се прекинат емоционалните врски меѓу поединецот и неговото или нејзиното семејство и социјалната средина, како и да се изолира поединецот, зголемувајќи ја зависноста од екстремистичката група. Од таа причина, обновувањето на позитивните емоционални врски со семејството и оние во социјалната мрежа што го поддржуваат дистанцирањето е од клучно значење во сите планови за интервенција. Ова не се однесува само на поединецот туку и на неговото семејство. Изолацијата од социјалната средина е еден од најголемите фактори на ризик кога се прават обиди за спречување на радикализмот. Примери на интервенции што се справуваат со ова или сакаат да го сменат се:

- **Инструменти и обука за комуникација на родителите и децата:** Многу често родителите имаат тешкотии при комуникацијата со своите деца кога покажуваат знаци на радикализам, па дури и преземат мерки (на пример, патуваат во Сирија). Родителите и браќата и сестрите имаат многу чувства со кои треба да се справат (лутина, недоразбирање, чувство дека се напуштени) и овие чувства може да застанат на пат при контактите со нивните деца/браќа
/сестри. Професионалците за поддршка на семејствата и стручните организации може да им дадат насоки за тоа како да го задржат позитивниот контакт, како да избегнат дистанцирање од член на семејството и како да воспостават семејни врски. Многу професионалци за поддршка на семејствата пријавиле дека користат една форма на интервјуирање за мотивација за да ги обучат родителите за комуникациски вештини.

- **Групи за поддршка:** Родителите, бабите, дедовците и браќата и сестрите може да имаат корист од контактот со други луѓе што минуваат низ исти процеси и предизвици со член на семејството. Работниците за поддршка на семејствата може да го овозможат учеството во група за поддршка. Со учеството може:
  - да се избегне социјална изолација како резултат на поврзувањето со екстремизам/тероризам;
  - да им се даде на семејствата цел или канал преку кој ќе може да ги споделат своите проблеми, како и нивните искуства и грешки од кои другите може да научат нешто;

RAN Centre of Excellence

  - да им се понуди пристап до дополнителни информации во врска со процесот на радикализирање што може да му помогнат на семејството да има чувство на поголема контрола врз ситуацијата;
  - да се помогне во стабилизирањето на стресот и да се развијат подобри механизми за справување со проблемите, траумите и другите ментални проблеми што може да настанат во рамките на овие семејства.

- **Креативни интервенции:** Важно е да се создаде пријатна атмосфера за луѓето што се вратиле или биле дел од програмата за излез; на овој начин се спречува рецидивизам. Од таа причина професионалците за поддршка на семејствата се соочуваат со предизвикот креативно да размислуваат кога станува збор за обновување на врските и избегнување изолација.
- **Искористете ги оние што вршат позитивни промени** (на пример, имамите, наставниците, менторите): Кога се обидувате да го изнесете поединецот од изолација, за да се обноват односите во заедницата потребно е во тоа да се вклучат угледни и ангажирани членови на заедницата, како што се верските лидери, наставниците или советниците на заедницата. Тие може да го премостат јазот меѓу подложните семејства и зајакнатите заедници. Исто така, кога станува збор за верски прашања, може да му се обратат на поединецот од гледна точка на неговото сопствено мислење, а притоа тој да не мисли дека сакаат да го променат.

На **психолошко ниво**, важно е да се утврди дали покрај емоционалните предизвици, постојат и психолошки предизвици, па дури и ментални болести и трауми. Професионалците за поддршка на семејствата ја потенцираат важноста на соработката со специјализирана, психолошка и психијатриска помош за поддршка на семејствата што се справуваат со овие проблеми. За повеќе информации во врска со справувањето со трауми кај децата што се враќаат од зоните на конфликт, видете Тематски документ на RAN за деца-повратници.

RAN Centre of Excellence

**Практика во акција: Група за поддршка составена од родители – Холандија**

Steunpunt Sabr (арапски збор за „трпение“) е женска организација, самостојна и независна невладина организација што детално работи и нуди поддршка и еманципирање на подложните жени. Поради тоа што младите патуваат во регионот на Сирија, Sabr организираше група за поддршка за родителите. Групата соедини родители од различни културни средини, родители на муслиманските деца и на оние што ја смениле верата. Групата брзо се зголеми затоа што родителите доброволно се придружија и најчесто дознаваат за групата преку своите мрежи. Sabr има блиски врски и со полициските службеници во заедницата што ги упатиле родителите од други области до групата за поддршка.

Sabr ги олеснува состаноците и тука е за поддршка на родителите, секогаш кога е потребно. Потребите на родителите се почетна тема на разговорите. Кога има многу прашања за Сирија, Sabr организира државните и општинските власти да ѝ се придружат на групата и да дадат одговори. Родителите што учествуваат се многу среќни со групата за поддршка затоа што групата е место каде што може да споделуваат искуства и од другите да научат како да се справат со ситуацијата. Клучни фактори се ниските нивоа на учество (многу локални, кратки комуникациски линии), фактот дека состаноците се затворени и на безбедно место (доверба меѓу учесниците и организацијата) и тоа што Sabr е независна.

Повеќе информации за Sabr.

**Стратегиски препораки – справување со чувствата и психологија**

- Да им се обезбеди флексибилен мандат на професионалците за поддршка на семејствата за развивање креативни интервенции со цел полесно да ги обноват семејните врски;
- Да им се обезбедат ресурси на организациите што имаат воспоставено/сакаат да воспостават групи за поддршка за оние што се справуваат со радикализам и екстремизам.

### *Интервенции фокусирани на идеологија*

Постојат многу клучни причини за радикализам и поголемиот дел од нив не се директно поврзани со идеологија. Меѓутоа, лицата што се радикализирани често демонстрираат силна идеолошка посветеност, без разлика дали навистина се водени од идеологијата. За оние што силно веруваат во идеологијата (без разлика дали тоа е засновано врз религијата или е десничарски инспирирано), на семејството и на социјалната средина може да им биде тешко да се поврзат со нив. За да се поттикне процесот на дистанцирање, важно е лицето да биде во можност да го промени ставот и да има неекстремистички, ненасилни одговори на животните прашања што претходно биле засновани врз насилни екстремистички идеологии. На семејствата им е потребна поддршка во следниве случаи:

- **Немоментно соочување со идеологијата:** Колку и да е привлечно лицето да има конфронтирачки став во врска „вистинитоста“ или исправноста на идеологијата, овие разговори често имаат спротивен ефект. Може да се сметаат за оправдување поради тоа што членовите на семејството или социјалните контакти ги сметаат за неверници, инфериорни или слаби затоа што не споделуваат исти погледи на светот.
- **Примена на пристап што се заснова врз прифаќање:** Клучен елемент на пристапот што е заснован врз прифаќање е тоа што професионалците за поддршка на семејствата или членовите на семејството не ги осудуваат и не ги одбиваат перспективата и ставот на семејството и/или лицата што се изложени на ризик, туку ги користат како појдовна точка за воспоставување контакт. Со градењето односи што се засновани врз доверба, можно е полека да му се помогне на лицето што е изложено на ризик да ги смени ставот и верувања. Од таа причина акцентот се става на градењето односи.
- **Вклучување на стручни идеолошки дискусии**: Без оглед дали е имам или поранешен десничарски екстремист, корисно е да се вклучи некој што може да зборува со семејството и со поединецот во врска со идеолошката димензија. Од каде доаѓа? Кои се изворите и зошто се сигурни или не се? Кои се алтернативните перспективи?
- **Вклучување на семејството и на социјалните контакти во програмата за излез:** Во сè поголем број земји-членки на ЕУ се развиваат програми за излез. Повеќето од нив имаат идеолошка компонента. Во овие програми може да бидат вклучени семејството и другите делови на социјалната мрежа на поединецот. Видете ги ресурсите што се дадени подолу за повеќе информации во врска со програмите за излез:
  - *RAN ИЗЛЕЗ ретроспективен документ: Минимални методолошки барања за интервенциите за излез*
  - *RAN ИЗЛЕЗ ретроспективен документ: Работата на програмата за излез во мултиагенциска средина*
  - *RAN ИЗЛЕЗ ретроспективен документ: Поставување интервенција за излез*

RAN Centre of Excellence

**Практика во акција: Entr'Autres, Франција**

Entr'Autres е организација што се бори да го спречи распаѓањето на социјалните и на семејните врски. Случаите пристигнуваат преку мрежата, телефонската линија за помош и официјалните власти. Соработката со семејството е клучна за организацијата: без помош од семејството, таа не може да работи со поединецот. Мајката е исклучително важна затоа што преку неа може да се воспостави врска со поединецот. Пристапот Entr'Autres предвидува дерадикализирање на поединците што зависи од нивниот профил за кој постојат три категории:

- Поединци што може да изгледаат како да се радикализираат, но кои, всушност, само сакаат да провоцираат. Тие сочинуваат 15%-20% од случаите и се најлесна категорија;
- Поединци чиј идентитет е нарушен. Тие сочинуваат 60% од случаите и покрај тоа што работењето со овие лица е потешко и потребно е да се одвои повеќе време, сепак, се постигнува успех и може да се мери со промената во мислењето;
- Навистина радикализирани поединци. Овој профил сочинува 15%-20% од случаите и речиси е невозможно овие лица вистински да се дерадикализираат.

За сите категории е важна соработката со семејствата, но не на ист начин.

**Стратегски препораки - справување со идеологијата**

- Да се помогне во воспоставувањето сигурна и легитимна мрежа на теолошки и идеолошки експерти (исламски научници, христијанските научници, поранешни екстремисти и слично);
- Да се поддржат програмите за излез што се управувани со приспособен ризик и процена на потребите. Идеологијата понекогаш стои зад други подлабоки мотивации што треба да се решат.

## Чекор 8: Следење на напредокот и приспособување на ситуацијата

Откако ќе се обезбеди поддршката на семејството врз основа на приспособен план за интервенција, важно е да се следи како тоа влијае врз секојдневниот живот. Професионалците за поддршка на семејствата укажуваат на тоа дека следењето на настаните и на она што се случува со семејството може да биде тешка задача, особено кога семејството не е проактивно во обезбедувањето на овие информации. Неопходно е редовното одржување контакт. Градењето и одржувањето однос на доверба и посветеност се клучни за раното препознавање на негативните влијанија/тенденции. Поради тоа што континуитетот е многу важен, треба да се обезбеди и стабилна поддршка на семејството (видете чекор 10 во врска со градењето капацитет).

Во некои случаи семејството може да сака да се повлече од планот за интервенција пред да се постигнат однапред утврдените цели. Поради тоа што успехот е условен од доброволна соработка на семејството, често се препорачува да се следат желбите на семејството и во исто време јасно да се наведе дека може да се продолжи во секое време. Во високоризични случаи може да се претпостави дека ќе продолжат безбедносните проверки и надзорот.

При спроведувањето на програмата за поддршка, професионалците за поддршка на семејствата може да наидат на други пречки:

- Од самиот почеток треба да се утврдат јасни правила и граници на однесување. На пример, во групите за поддршка членовите на семејството треба да зборуваат за своите роднини, но тоа не треба да биде форум за обвинување.
- Можно е некои семејства да не сакаат да зборуваат за тоа што го прават нивните роднини затоа што не сакаат да се размислуваат за срамот и за стигмата што се поврзани со нивните постапки. Во овие случаи може да биде корисно да се вклучи психолог што може да ги отфрли табуата и да ги поттикне да зборуваат за овие проблеми.
- Од клучно значење е состаноците да бидат приватни и доверливи колку што е можно. На пример, обидете се да избегнете да запишувате белешки за време на сесиите со членовите на семејството. Професионалците открија дека со експлицитното запишување на белешки се намалува довербата и се создава атмосфера на вознемиреност.
- „Институционалното обвинување“ е прилично вообичаено. Родителите може да ги обвинуваат безбедносните служби поради тоа што не ги спречиле нивните деца да стапат во контакт со познати екстремисти. Може да биде корисно овие „обвинети“ да се вклучат и за стапувањето во контакт на билатералните состаноци или на групите за поддршка да бидат поканети (доброволни) лица од владините институции (служби за безбедност или странска стратегиска канцеларија).
- Со вклучувањето на толкувач во разговорите може да се надминат некои јазични бариери, но можно е да не се создаде соодветна атмосфера. Искуството покажа дека родителите/членовите на семејство може да преведуваат едни за други и на тој начин тие се поактивно вклучени и имаат поголема доверба ако не е присутен толкувач.

## Чекор 9: Завршување на соработката

Соработката обично завршува кога ќе се постигнат целите и едната страна (обезбедувачот на услугата или членовите на семејството) е убедена дека семејството може самостојно да продолжи:

- Треба да се користат процена и мултиагенциско следење за да се процени дали се постигнати целите за поддршка на семејството и дали поддршката може да се прекине.
- Примерите покажаа дека поставувањето одредена временска рамка може да биде неповолно за соработката; таму каде што е можно таа треба да дојде до природен крај, а не да го диктираат капацитетите и ресурси.

RAN Centre of Excellence

- Треба да се има предвид дека може никогаш да не се стави „крај“ на соработката. Вратата секогаш треба да биде отворена или треба да има одговорно лице што ќе им биде на располагање на членовите на семејството или на радикализираното лице, дури и откако ќе се постигнат целите.

Професионалците за поддршка на семејството посочија дека е предизвикувачки да се процени кога треба да заврши програмата за поддршка. Една од причините за тоа е што некои поединци користат манипулација за да ги„измамат“ професионалците за поддршка и своите семејства/социјални кругови, дозволувајќи им да мислат дека се на поинаков пат. Интелигентните младинци, кои особено сфаќаат каков вид однесување и говор се очекува од нив, може да го искористат тоа за да ги прикријат своите вистински мисли и планови. Не постои сребрен куршум за да се спречи ова. Професионализмот и искуството на професионалците за поддршка на семејството и психолозите обично имаат важна улога во овие случаи.

## Чекор 10: Градење и развивање капацитет за поддршка на семејствата

За да може да се преземат потребните мерки во чекорите од 1 до 9 важно е да постои капацитет за поддршка на семејствата и да се продолжи со развивање и со зајакнување на овој капацитет. Предлозите што се дадени подолу се изработени врз основа на искуствата од поддршката на семејствата во неколку земји-членки на ЕУ и може да помогнат во градењето и развивањето на ефективен капацитет за поддршка на семејствата. Националните и локалните креатори на стратегии и државните службеници имаат важна улога во создавањето на условите што се потребни за развој на капацитет во оваа област:

- почнете со работа во форма на пилот/експеримент во кој има место за процесите на тестирање и за грешки за да научите што е најефективно во национален/локален контекст;
- размислете кој облик на организирање ќе биде најдобар во национален/локален контекст; на пример, во рамките на полициски или социјални услуги, како посебна невладина организација, како дел од друга организација што веќе има искуство во поддршката на семејствата во различни области;
- обезбедете континуитет преку ресурси (финансиски, човечки, политички);
- поддршка на развојот на една поширока мрежа во врска со организирањето поддршка на семејствата преку која може да соработуваат (на пример, полиција, социјални служби, биро за вработување, безбедносни служби, психолози);
- обезбедување безбедност на професионалците за поддршка на семејствата (на пример, како да се работи со имиња, адреси на е-пошти, полициска заштита, телефонски броеви и слично);
- воспоставување разновидна група професионалци за поддршка на семејствата (машки, женски, различно културно потекло, различни јазични вештини, различно професионално потекло);

RAN Centre of Excellence

- развијте стратегија за комуникација за да се информира јавноста за достапноста на поддршката за семејствата со цел да се спречи радикализирање;
- силна посветеност на секторот за ментални нарушувања да им даде поддршка на професионалците во однос на поддршката на семејствата за да се избегнат долгите листи на чекање;
- кога е можно, вклучете активни родители што имале слични искуства и кои сакаат да ги споделат своите мислења и лекции со други;
- направете увид во законите за приватност и понудете можности за развој на специфични протоколи за приватност и размена на информации за да се овозможи полесно и ефикасно споделување на случаи;
- овозможете дополнителна обука и споделување на најдобрите практики во рамките на земјите и меѓу нив за подобрување на професионалните капацитети, како и на вештините на професионалците за поддршка на семејството;
- погрижете се професионалците за поддршка на семејствата да се чувствуваат поддржани од нивните организации и од политичкото раководство (локално и национално) за да се чувствуваат доволно моќни и за да може да се справат со тешките ситуации со голема застапеност во медиумите.
- поставете структура за поддршка на професионалците за поддршка на семејствата затоа што работата со ранливите семејства е многу тешка и носи емоционален/психолошки товар; структурата може да вклучува доверливи групи во кои професионалците може да ги споделат својата загриженост/стравови, психолошка поддршка и доволен контакт со раководството на организацијата;
- оценете ја извршената работа со семејствата за да се воспостават најдобри практики што се засновани врз докази и да се учи од грешките.

RAN Centre of Excellence

**Практика во акција: Единица за поддршка на семејствата - Холандија**

Единицата за поддршка на семејствата е организација, независна од владата, која нуди специјализирани информации, совети и поддршка за оние што се загрижени дека член од нивното семејство е изложен на радикализам. Работи заедно со холандската програма за излез. Процесот почнува со дискусија со сите релевантни членови на семејството, а потоа следува подготвување акционен план заедно со семејството. Планот опфаќа различни животни аспекти (како што се: радикализирање, (психолошко) здравје, работа/училиште, финансии). Учеството е доброволно; професионалците работат во домот на семејството, каде и да се наоѓа во Холандија. Општината во која живее семејството секогаш е информирана за учеството на единицата за поддршка на семејствата и мора да се согласи да им обезбеди поддршка на семејствата.

Единицата беше поставена како дел од сеопфатната акциона програма на Холандија за борба против џихадизмот и во неа има 38 мерки. Мерката 23б е воспоставување објект за поддршка на семејствата.

Нивните методологии ги вклучуваат следниве елементи:

- строг протокол за приватност: од суштинско значење е да се разменуваат информации само со општината или со полицијата кога постои безбедносен ризик или откако семејството ќе даде дозвола - ќе има доверба;
- транспарентност во активностите и во односите со други организации;
- сите менаџери што се задолжени за случаи се професионални работници за давање помош/здравствени работници што соработуваат со општината и со други организации за да се погрижат за другите потреби, на пример, домување или вработување;
- мултидисциплинарен пристап со средби двапати неделно, а во кои се вклучени сите менаџери за случаи, психијатриска сестра, психијатар, кога тоа е потребно, терапевт, истражувач, тренери со долгогодишно искуство во џихадистичката мрежа во Холандија и теолог/експерт за ислам; менаџерите за случаи ги зборуваат јазиците на целната група;
- случаите обично пристигнуваат преку општините и единицата за поддршка на семејствата треба да биде колку што е можно поблиску до она што веќе е организирано на локално ниво; обезбедено е и национално покривање.

Повеќе информации за холандската единица за поддршка на семејствата.

RAN Centre of Excellence

**Translated within:**

FIRST LINE STOP Radicalization

Co-funded by the
Internal Security Fund
of the European Union